Димитар ДИМЕСКИ

# ОПШТЕСТВЕНО-ЕКОНОМСКИТЕ ПРИЛИКИ ВО МАКЕДОНИЈА (1878—1903)

1. Кризата на османскиот државно-правен, политички и економски систем влегла, по Берлинскиот конгрес, во нова, драматична фаза.

Реформите на Селим III и Махмуд II — насочени кон централизирање на државниот апарат, само ги санкционирале крупните општествено-економски трансформации настанати внатре во Османската империја со распагањето на натуралното стопанство и развиток на стоковно-паричните односи — што довело до раѓањето на трговскиот капитал и појавата на мануфактурално стопанство. Овие предвесници на капитализмот нужно барале укинување на феудалните продукциони стеги.

Реформите од ерата на Танзиматот започнати со Ѓулханскиот хатишериф (1839 г.) и продлабочени со Хатихумајунот (15 февруари 1856 г.) скржаво го навестиле османскиот „ориентир“ кон слободен капиталистички развој. Во таа смисла најдалеку се отишло со Митхат-пашината конституција (1876 г.), прифатена како алтернатива пред стравот од внатрешните немири и странското мешање изразено на Цариградската конференција[1]).

По санкционирањето на чифлигарскиот аграрно-правен систем (1858 г.)[2]), кој го зазел местото на укинатиот феудален тимарско-спахиски систем, наизглед се отворила перспектива за позабрзан развиток на капиталистичките односи во земјоделството. Тоа би било мошне значајно зашто Османската империја била, пред сè, аграрна земја. Меѓутоа, како чифлизите

[1]) Б. Данциг, Турция 1947, 23; Македония и Одринско, Мемоаръ на Вътрешната организация, 1904, . . . , 6—7;

Христо Христов, Освобождението на България и политиката на западните държави (1876—1878 г.), БАН, София, 1968, 93.

[2]) Со т.н. „Рамазански“ (Земјоделски) закон — 1858 г.

Cf. Данчо Зографски, Развитокот на капиталистичките елементи во Македонија за време на турското владеење, Култура, Скопје, 1967, 123—124.

претставувале земјоделски стопанства од полукапиталистички вид со бројни феудални примеси[3]), тешко било и да се помисли на нивната метаморфоза во вистински земјоделски капиталистички стопанства, дотолку повеќе што во Османската империја господарела турската феудална класа. Оттаму и сите оние реформи од периодот на Танзиматот, претставувале само обид на турската феудална господаречка класа за акомодирање на новите услови, за зачувување на старите позиции, како и за зачувување целоста на Османската империја. Всушност се целело конзервирање на старите односи преку нивно маскирање во ново руво. Поинаку и не можело да биде, зошто во спротивен случај, турската феудална класа би била свој сопствен гробар.[4]) Затоа реформите никогаш и не ја доживеале својата вистинска коренита реализација[5]).

Новите производни сили, настанати во крилото на инородните потчинети народи во Турската империја, станале носители на новата општествено-економска трансформација, будители на националната свест и факелоносци на националноослободителните движења. Феудалните продукциони односи на турската држава биле главна кочница на развојот на новите капиталистички производни сили. Оттаму и националноослободителните борби на потчинетите народи, вклучувајќи го и македонскиот (Разловечкото, Кресненското, Илинденското востание), носат белези и на општествено-економска револуција.

---

[3]) Cf. Димитар Поп Георгиев, Сопственоста врз чифлизите и чифлигарските аграрно-правни односи во Македонија, ИНИ Скопје, 1956 г.;

Диме Бојановски, Чифличките односи во Македонија околу 1903 година, Годишник на Правно-економскиот факултет во Скопје (1954), Скопје, 1955, 468—471;

Д. Зографски, op. cit. 133;

К. Л. Струкова, Аграрные отношения в Македонии (конец XVIII — 70 годы XIXв), — Ежегодник по аграрной истории Восточной Европы, АН СССР, Издательство „Карта Моловеняскэ", Кишинев, 1966, 527—8;

И. Г. Сенкевич, Об изменениях в аграрных отношениях в Македонии в последней четверти XIX века, (По материялам Архива внешнеи политики России), — Ежегодник по аграрной истории Восточной Европы, АН СССР, Кушинев, 1966, 761, 768;

Христо Христов, Аграрните отношения в Македония през XIX и началото на XX в, БАН София, 1964, 186.

Овде треба да се одбележи дека гледиштата на Д. П. Георгиев и Хр. Христов дијаметрално се разликуваат. Додека Христо Христов тврди дека чифлигарскиот систем претставувал „нова (повисока, м.б.) форма на крупен феудален земјопосед" со капиталистички примеси — што го наследил тимарско-спахискиот систем (Хр. Христов, op. cit., 186), дотогаш Д. П. Георгиев тоа го негира, истакнувајќи дека чифлигарскиот аграрен систем „во времето на неговото преовладување не бил феудален систем и дека не било правилно третирањето на тој систем како феудален систем", кој, меѓутоа, не бил имун од „извесни реликти на отоманскиот тимарско-спахиски систем". (Д. Н. Георгиев, op. cit., 158—9).

[4]) „Во историјата сепак не се случувало една владеачка класа да и ја наметне на својата власт сопствената ликвидација".

(Д. Миљовска, Две развојни етапи во општествено-економскиот развиток на Македонија во XIX., — Г ИНИ, VII/2, Скопје, 1963, 70).

[5]) Cf. Македония и Одринско, Мемоаръ . . . , 2—7.

Лавирајќи меѓу различните интереси на потчинетите народи и европските капиталистички држави, феудалниот турски режим успеал да го пролонгира својот животен пат уште за неколку децении. За тоа придонеле и рудиментарните зачетоци на турската буржоазија, кои биле преслаби да извршат промени во старата феудална турска машинерија. За тоа најдобро говори судбината на Митхат-пашината конституција.

Пресметувајќи се лесно со конституционалистите, султанот Абдул Хамид II во февруари 1878 година го распуштил Парламентот, со што неформално го укинал уставот.[6]) Со тоа настапил периодот на владеењето на најцрната реакција во Османската империја.

Личниот, апсолутистички режим на „црвениот" султан[7]) Абдул Хамид II, познат во историјата како „режим на зулумот"[8]), успеал да се одржи полни три децении, благодарејќи, пред сѐ, на благословот и интересите на европскиот капитал во Османската империја. Обдарен со ориентална лукавост и вонредни еквилибристички способности, Абдул Хамид со својата дворска камарила, успешно лавирал, користејќи ги умешно спротивните интереси на европските капиталистички сили за реализирање на своите реакционерни цели. Абдул Хамид II, запоставувајќи ја Портата, дирригирал со Османската империја од Илдиз Ќошк, преку својот прв секретар Таксим-бег[9]). Никому не верувајќи, Абдул Хамид се потпирал на известителната и контраизвестителната служба раководени од Ахмед Џеладин-паша и Кадри бег[10]) и притоа вешто го разгорувал нивното ривалство коешто претставувало сигурен гарант на неговата безбедност.

Агонијата на османскиот државен, политички и општествено-економски систем дошла до полн израз во периодот на режимот на Абдул Хамид. Симптомите на гниењето на Османската држава, карактеристични за подолг временски период, во времето по Берлинскиот конгрес јасно укажувале на неизлечивоста на „Болниот" на Босфорот. Полуколонијалниот статус на Империјата, руинираноста на домашното стопанство, разузданоста и корумпираноста на бирократскиот апарат, теророт, разбојништвото, несносното даночно бреме и аналогно на тоа вриежот на поробените народи — му даваат основен печат на владеењето на режимот на Абдул Хамид II.

---

[6]) А. Д. Новичев, op. cit., 106.

[7]) Проф. д-р Христо Андонов-Полјански, Економските аспекти во односите на империјалистичките држави кон Македонија и македонското националноослободително движење од крајот на XIX и почетокот на XX век, — Г. ИНИ, XVII/2, Скопје, 1975, 22.

[8]) Б. Данциг, op. cit., 28.

[9]) Илдъзъ кьошкъ, Дворцовата камарила, (подлистникъ), — в. Право, II/3 (11), София, срѣда, 12 септемврий 1901, 2.

[10]) Илдъзъ кьошкъ. . ., 3.

2. Кримската војна ја фрлила Османската империја во прегратките на англо-францускиот капитал. Танзиматските реформски зафати, а посебно трошковите од војната-делувале погубно на османските финансии. Оттаму резултира и првиот надворешен заем на Османската империја добиен во 1854 година од Англија во износ од 3 милиони £[11]). Наскоро, во кредитната игра со Османската империја се вклучил и францускиот капитал. Така кримските сојузници (Англија и Франција) станале главни османски кредитни донатори, влечејќи за тоа грамадни камати и стекнувајќи клучни привилегии во Османската империја. Во таа смисла значајни се економските капитулации со кои Османската империја ширум ги отворила вратите на англо-францускиот капитал. Наскоро потоа и австро-германскиот капитал стекнал значајни привилегии и концесии во Османската држава. Општо земено, со Кримската војна започнал процесот на претворањето на Османската империја во полуколонија на европскиот капитал.[12])

Османската феудална владеачка гарнитура со системот на економски капитулации му задала нож в грб на своето домашно стопанство. Ниските царински стопи од 3%, 5%, 5,3% и 8% на внесената европска стока[13]) говорат за отсутноста на протекционистичка заштитна бариера што довело до преплавување на османскиот пазар со висококонкурентната индустриска стока на европскиот капитал[14]). Од друга страна, османскиот режим, наместо да го стимулира домашниот извоз со премии за изнесената стока на странскиот пазар, тој вовел царинска бариера (1—2% од извезените стоки; 12% за опиумот).[15]) И најпосле, со зголеменото даночно бреме режимот уште повеќе ја намалил конкурентната способност на домашното стопанство.[16])

Ваквата кусогледа економска политика на османската владеачка олигархија не произлегувала само од нејзиниот феудален колорит, но и од растечките расходи и влошената состојба

---

[11]) Б. Данциг, op. cit., 20.

Меѓутоа, Клисуров (Д. Косев) наместо за фунти пишува за 3 милиони лири стерлинзи. Cf. Клисуров, Очерки върху историята на македонското освободително движение, Борбите за национално освобождение в Македония до Берлинския договор, — сп. Македонско дело, г. 6/131, 10 февр. 1931, 5. Овде евидентно станува збор за печатна грешка. Наместо лири, треба да стои ливри (фунти) стерлинзи.

[12]) Cf. Д. Миљоска, Две развојни етапи . . . , 54.

[13]) Дури непосредно пред Балканската војна царината била зголемена на 11%. Cf. Лазар Соколов, Предусловите и развитокот на индустријата во Македонија од втората половина на XIX век до 1912 година. — Г. ИНИ, I/2, Скопје, 1957, 65;

Д. Миљовска, Две развојни етапи . . . , 56—58, 71.

[14]) Cf. Д-р Манол Пандевски, Положбата на Македонија во Османската империја кон крајот на XIX и почетокот на XX век, — Г ИНИ, XX/1, Скопје, 1976, 96—98.

[15]) Д. Миљовска, Idem., 56—57.

[16]) Во својата есенцијална студија Д. Миљовска аргументирано го побива мислењето за постоење на т.н. Првобитна акумулација на капиталот во Османската империја. Cf. Д. Миљовска, Idem, 69—73.

на османските финансии, од условеноста за добивање странски заеми, од нејзиниот зголемен апетит за евтини и разновидни европски стоки, како и од калкулацијата за евентуална поддршка на европскиот капитал за одржување на нејзините владеачки позиции и за обезбедување целоста на Империјата.

Европските капиталистички сили биле живо заинтересирани за заземање доминантни економски позиции во Османската империја поради пласманот на своите индустриски производи на сè уште незаситениот османски пазар, како и поради извлекување евтини суровини од османската држава[17]). Рудиментарните капиталистички елементи на османското стопанство при наличноста на развиениот индустриски капитализам во европските држави, како и повеќе од скромната османска царинска бариера, претставувале сигурни гаранции за европските капиталистички сили — за извлекување крупни профити од османската држава.

Покрај пласманот на европските индустриски стоки на османскиот пазар, многу рано започнало и инфилтрирањето на европскиот, пред сè, банкарски капитал во османската држава. Така, во 1856 година, моќна англо-француска финансиска групација ја основала Отоманската банка во Цариград.[18]) Со време „оваа цитадела на странскиот капитал"[19]) ги протегнала своите прерогативи станувајќи, во извесна смисла, контролор на османските финансии. За тоа најдобро говори фактот дека Отоманската банка, базирана на приватен капитал, во 1863 година стекнала права на османска државна банка.[20]) Тогаш таа стекнала право на емисиона банка, како и право за склучување на странски кредити во името на државата.[21]) Со други зборови речено, Тројанскиот коњ на европскиот капитал, олицетворен во Царската Отоманска банка, — мошне успешно го трасирал патот на претворањето на Османската империја во полуколонија на европскиот капитал.

Во ерата на империјализмот се засилила пенетрацијата на европски акционерски друштва во Османската држава. Во нивната дејност делумно се вклучил и домашниот капитал.[22])

Со модернизацијата на патната мрежа, а посебно со изградбата на железнички линии, во Османското царство биле созда-

---

[17]) Златко Билјановски, Некои податоци за надворешната трговија на Македонија, во времето од Кримската до Балканската војна — Г ИНИ, VI/1—2, Скопје, 1962, 195.

[18]) Проф. д-р Данчо Зографски, Стопанското потчинување на балканските земји од европските капиталисти во последната четвртина на XIX век, — Г ИНИ, XVIII/2, Скопје, 1974, 13.

[19]) А. Д. Новичев, Турция . . . , 90.

[20]) А. Д. Новичев, op. cit., 91.

[21]) Ibidem.

[22]) Cf. Д. Кьосев, История на македонското движение, София, 1954, 77; Д. Зографски, op. cit., 544.

дени можности за побрз продор на европскиот капитал. Тоа, од друга страна, довело до стагнирање и назадување на османскиот стопански развиток.[23])

Првите концесии за изградба на железнички линии во Османската империја ги добил англискиот капитал. Под негов ангажман започнала изградбата на првата железничка линија Измир—Ајдин во 1855 година[24]), а во 1866 била завршена и изградбата на првата железничка линија во Европска Турција на релацијата Варна—Русе[25]).

Меѓутоа, вистинска пресвртница за ширењето на железничката мрежа во Османското царство настапила во 1869 година со доделувањето концесија на белгискиот барон Хирш за изградба на 2.000 км. железничка линија под многу поволни услови со т.н. километарски гаранции.[26]) Тоа довело должината на железничката мрежа во Европска Турција кон крајот на 1875 година да изнесува 1.073 км.[27]). Во мај 1888 година Ориенталните железници биле поврзани со европската железничка мрежа што довело, пред сè, до поголем продор на австроунгарскиот и германскиот капитал во Османската империја.[28]). Во последните две децении на минатиот век германскиот капитал стекнал значајни концесии за изградба на железничка мрежа во Османската држава, при што најзначајна била концесијата за изградба на т.н. Багдадска железничка линија.[29])

Изградбата на железничката мрежа знатно придонесла да се забрза процесот на претворањето на Османската империја во полуколонија на европскиот капитал.

Османската империја во 1876 година се простирала на три континента, зафаќајќи огромна територија од 3.372.500 км[2][30]), што ја вбројувало, во територијален поглед, меѓу големите држави во светот. Светско-историското значење на местоположбата на „Болниот на Босфорот“ уште повеќе се зголемила по

---

[23]) Д. Миљовска, Idem, 58;
М. Пандевски, Idem, 96.

[24]) Б. Данциг, op. cit., 31.

[25]) Проф. д-р Данчо Зографски, Стопанското потчинување на балканските земји . . . , 10.

[26]) Проф. д-р. Д. Зографски, idem, 11;
Хр. Андонов Полјански, Економските аспекти во односите на империјалитсичките држави . . . , 21-22

[27]) Проф. д-р Д. Зографски, Idem. 11.

[28]) Историја на железниците во Македонија, Скопје, 1973, 76.

[29]) А. Д. Новичев, op. cit., 109.

[30]) Ibidem, 99.

прокопувањето на Суецскиот канал во 1869 година.[31]) Тоа само ги заострило и онака противречните интереси на европските сили околу наследството на „Болниот на Босфорот“, што, особено, дошло до израз во текот на Источната криза (1875—1881 г.).

Во економски поглед Османската империја во осмата деценија од минатиот век се нашла пред банкрот. Во 1875 година османскиот државен долг према странските кредитори достигнал огромна бројка од 5.297.676.500 франка[32]). Инсолвентноста на османските финансии станува видлива кога се знае дека приходите на планираниот државен буџет се движеле околу 570.500.000 франци[33]), а расходите во 1876 во споредба со 1853 година биле зголемени за повеќе од трипати.[34]) Во осмата деценија 60% од странските заеми служеле за отплата на ануитетите на претходните надворешни кредити[35]), а остатокот отпаѓал на покривање на буџетските дефицити што резултирале, пред сè, од зголемените воени, непроизводствени и асоцијални расходи.[36]) Меѓутоа, наместо горенаведените предвидени приходи на државниот буџет за финансиската 1875/6 година да изнесуваат 570.500.000 франци, пристигнале само околу 380.000.000 франци, коешто ѝ послужило на Портата како зготен повод да објави во октомври 1875 година дека Империјата во наредните пет години ќе ги исплатува своите ануитети према странските кредитори во половина износ. Таа солуција „повлекла за себеси пад на курсот на турската лира до 30% од номиналата“.[37]) Истата, 1875 година ѝ била пролонгирана на две децении концесијата на Отоманската банка, којашто вршела функции на државна емисиона и депозитна банка.[38])

Тешката финансиска криза на Османската империја рационално била искористена од европските капиталистички кредитори за воведување директна контрола над османските финансии. Со т.н. Мухаремски декрет од 20 декември 1881 година[39]) била формирана т.н. Управа на Отоманскиот долг, со-

---

[31]) Д. Зографски истакнува дека Суецкиот канал бил прокопан во 1871 г. (види: Проф. д-р. Д. Зографски, Стопанското потчинување . . . , 7). Веројатно станува збор за печатна грешка.

Cf. A. L. Morton, Istorija Engleske, Sarajevo, 1955, 299;

Enciklopedija Leksikografskog Zavoda, t. 6, Zagreb, MCMLXIX, 186.

[32]) Проф. д-р Данчо Зографски, Стопанското потчинување . . . , 7.

[33]) Ibidem.

[34]) М. Пандевски, Положбата на Македонија . . . , 93.

[35]) Љубен Лапе, Друштвоно-економске прилике у Македонији у доба Босанско-Херцеговачког устанка и личност Д. П. Георгијева-Беровског, ANU — BIH, Posebna zdanja, knj. XXX, Odeljenje društvenih nauka, knj. 4, Sarajevo, 1977, 181.

[36]) Д. Кьосев, op. cit., 76;

М. Пандевски, Idem, 93.

[37]) А. Д. Новичев, op. cit., 101.

[38]) Ibidem.

[39]) Декретот бил донесен на 23 Мухарем, односно на 8/20 декември 1881 година. (Б. Данциг, op. cit., 31).

ставена од странските кредитори, со седиште во Цариград. Управата, преку своите 720 одделенија распрснати низ целата Империја, го контролирала целокупниот османски финансиски систем.[40])

Според чл. 15 од Мухаремскиот декрет Административниот совет на отоманските долгови го сочинувале — по еден претставник од англиските, француските, германските, австроунгарските и италијанските кредитори, како и претставник на Отоманската банка. Притоа, претставникот на англиските кредитори ги застапувал интересите и на холандските кредитори.[41])

За сметка на намалувањето на османските државни долгови на странските кредити склучени до 1874 година на сумата од 117.081.000 турски лири[42]), Портата, според чл. 8 од Мухаремскиот декрет и ги отстапила на Управата на државните долгови на „апсолутен и незаменлив начин од 13 јануари 1882 година до згаснувањето на долгот: 1. приходите од монополите и посредните (индиректните) даноци, а имено од монополот врз тутунот и солта, од државната такса, од таксата врз алкохолот, од цариградската рибна такса и од десетокот врз коприната во Цариград, Одрин, Бруса и Самсун; 2. приходите од десетокот врз коприната во редица др. градови; 3. одвишоците од царините, ако тие бидат применети согласно (нови) договори; 4. одвишокот од приходите по Законот за патентите; 5. (Трибутарниот) данок од Бугарија; 6. одвишокот од приходот од островот Крит; 7. приходите од Источна Румелија . . .; 9. вносот на балканските држави по оној дел од државниот долг што паѓал врз нив“.[43]) Според чл. 16 од Декретот, Советот имал право да ги дава отстапените приходи на лицитација, под откуп или во аренда на трети лица. Со овој член власта била задолжена да поведе борба против контрабандата и ги примени „востановените со закон казни . . .“[44]) Според чл. 18 во Советот бил делегиран императорски комесар — со советодавен глас.[45]) Последниот, 20-ти член од Муаремскиот декрет содржел клаузула според која, ако Портата го отфрлела или запрела исполнувањето на Декретот, „кредиторите одново ќе настапат со сите свои права, востановени со првите договори за заемите, доколку нивните скапоцени хартии не се уште згаснати“[46]). Споменатава клаузула просто ѝ ги врзала рацете на Портата и претставу-

---

[40]) А. Д. Новичев, op. cit., 109.

[41]) Турски декрет за отоманския държавен долг издаден в Цариград на 20 декември 1881 г. (Мухаремски декрет), — Международни актове и договори. . ., 200.

[42]) Клисуров, Очерки върху историята на македонското освободително движение, Социал-економическите предпоставки за създаването и дейноста на Македонската революционна огранизация, — сп. Македонско дело, 6/133, 10 март 1931 г., 5.

[43]) Мухаремски декрет, — Международни актове . . ., 200.

[44]) Мухаремски декрет . . ., 200—201.

[45]) Мухаремски декрет . . ., 201.

[46]) Ibidem.

вала сигурна гаранција за дејствувањето на Управата на отоманскиот државен долг. Евентуалното еднострано отфрлање на Муаремскиот декрет би предизвикало реактивирање на простениот долг, а тоа Портата не сакала и не смеела да си го дозволи. Со други зборови речено, Османската империја, заглибена до гуша во странските кредити, со Мухаремскиот декрет фактички ја загубила својата економска независност и забродила во полуколонијалните води на европскиот империјалистички капитал.

За период од две децении (1882—1902 г.) Управата на отоманскиот долг ја извлекла само од данокот врз солта, тутунот, алкохолот, судските такси, десетокот врз коприната и таксите од риболовот — сумата од 39.899.921 турски лири.[47]) Општо, на име на т.н. Муаремски долгови (т.е. долгови направени во периодот од 1858—1874 г.) била собрана сума од 48.420.890 турски лири. Од неа, 35.315.398 т. л. отпаднале на амортизација на долговите, а останатите 13.000.000 лири послужиле за покривање на расходите на Управата и на нејзините 720 извршни секции распрснати низ територијата на Империјата.[48])

Покрај тоа, Османската империја морала да ја амортизира сумата од над 45.000.000 лири што произлегла од кредитите склучени во периодот од 1877—1896 година, за која цел издвојувала просечно 6.400.000 т. лири годишно на име анyитети за споменативе долгови што не биле опфатени со Муаремскиот декрет.[49])

Вкупно, државните долгови, само во последните две децении на минатиот век однесле околу 125.000.000 турски лири.[50]) Оваа колосална сума проголтната од европскиот капитал била извлечена, како што правилно оценува Клисуров (Д. Косев), „во формата на даноци од широките народни маси".[51])

Од друга страна, огромната пасива на Османската империја во надворешно-трговскиот биланс најдобро говори за нејзиниот полуколонијален статус. Така, само за 20 години (1884 — 1903 г.), османската пасива во надворешно-трговскиот биланс изнесувала 176.230.000 турски лири.[52])

---

[47]) Клисуров, Очерки . . . , М. дело, 6/133, 7.

[48]) Cf. Клисуров, Idem;

А. Д. Новичев, op. cit., 109.

[49]) Клисуров, Очерки . . . , сп. М. дело, 6/133, 7.

[50]) Кьосев, op. cit., 76.

[51]) Клисуров, Очерки . . . , М. дело, 6/133, 7.

[52]) Клисуров, Очерки . . . , М. дело, 6/134, 25 март 1931, 5.

Кон крајот на векот главни надворешно-трговски партнери на Османската империја биле: Велика Британија, Германија, Австро-Унгарија, Белгија, Франција, Русија и Италија. „Процентуалниот биланс на увозот на овие држави во Турција бил во 1890/1891 година . . . Велика Британија 43, 30, Германија — 22, 56; Австро-Унгарија — исто; Белгија и Франција — 12, 35; Русија — 7,57; Италија — 2,17 проценти". (Проф. д-р. Хр. Андонов-Полјански, Економските аспекти во односите на

Покрај тоа, кон крајот на векот во Османската империја делувале 54 акционерски друштва со основен капитал од близу две милијарди златни франка[53]), влечејќи притоа огромни профити и дивиденди. Потребно е да се истакне дека странскиот капитал бил вложен, пред сè, во банките, железниците, рудниците, монополот на тутунот, сообраќајните средства и сл. Избегнувањето на вложување странски капитал за подигање на османски индустриски капацитети — неизбежно ја наметнува констатацијата дека Финансискиот капитал на европските империјалистички сили бил заинтересиран Османската империја да остане и натаму негов колонијален пазар, суровинска база и аграрен приврзок.[54])

3. Гниењето на османскиот општествено-политички и економски систем во периодот на доминацијата на автократскиот режим на Абдул Хамид II ја достигнало својата кулминација. Тоа гниење му нанесло тежок удар на македонскиот стопански развој и ја довело положбата на широките македонски народни маси до критичка точка — со што биле создадени објективните претпоставки за појавата на македонското националноослободително движење во последната деценија на минатиот век.[55])

Наоѓајќи се на важен географски крстопат, Македонија, меѓу првите области на Османската империја, го почувствувала разорното дејство и експлоататорскиот карактер на европскиот капитал.

Со изградбата на железничката мрежа во Македонија (1873—1896 г.)[56]) биле создадени можности за побрза пенетрација на странскиот капитал на македонскиот пазар. Тоа довело до одумирање на македонските панаѓури[57]) и до руинирање на македонското занаетчиско и мануфактурално производство.[58])

---

империјалистичките држави кон Македонија и македонското националноослободително движење од крајот на XIX и почетокот на XIX век, — Г ИНИ, XVII/2, Скопје 1973, 19).

[54]) Поточно речено: 1.943.427.500 зл. франка.
(Клисуров, Очерки. . . , М. дело, 6/133, 8).

[54]) Кьосев, op. cit., 78; А. Д. Новичев, op. cit., 113.
М. Пандевски, Положбата . . . , 95.

[55]) М. Пандевски, Положбата на Македонија . . . , 87.

[56]) Тогаш биле изградени магистралните линии: Солун — Скопје (1873 г.), Солун — Битола (1894 г.) и Солун—Цариград (1896 г.).
Cf. Д. Зографски, op. cit., 541;
Историја на железниците во Македонија (1873—1973), Скопје, 1973, 32—42;
Хр. Андонов Полјански, Избор од британската кореспонденција за историјата на железниците во Македонија (1871—1896 г.), — Г ИНИ, XIX/1, Скопје, 1975, 171—196.

[57]) Проф. д-р Данчо Зографски, Белезите и обликите на внатрешната трговија на Македонија во XIX век, — Јубилеен годишник на Економскиот факултет во Скопје (1950—70 г.), Скопје, 1970, 108—109.

[58]) Историја на македонскиот народ . . . , II, 148.

Отсуството на протекционистичка бариера и тешкото даночно бреме — однапред го обезбедиле пласманот на висококонкурентната европска индустриска стока на македонскиот пазар, а младото македонско мануфактурно стопанство однапред осудиле на пропаст.[59]) Продорот на странскиот капитал довел до доминација на стоковно-паричните односи, ја забрзал диференцијацијата сред македонскиот народ и придонел за засилување на пауперизацијата на знатен дел од македонското градско и селско население.[60])

Смалувањето на османската државна територија, санкционирано на Берлинскиот конгрес, како и натамошното губење територии во периодот по Берлинскиот конгрес, негативно влијаеле врз внатрешниот стопански развој на Османската империја во целина, а посебно мошне тешко се одразиле на македонскиот стопански развој. Негативниот одраз од стеснувањето на државната територија врз стопанскиот развиток не резултирал само од смалувањето обемот на внатрешниот пазар, туку и од фактот дека, паралелно со стеснувањето на османската државна територија не бил адекватно смален административниот апарат, туку напротив, постоела тенденција за негово зголемување согласно реформските обиди за издигање и вклучување на Империјата во европскиот колосек. Притоа, посебен акцент бил ставен на модернизацијата на војската со тенденција за нејзино зголемување и јакнење согласно нејзината улога на фактор од примарно значење за опстанокот на Империјата.[61])

Меѓутоа, стеснетите граници го смалиле и приливот на средства во османскиот државен буџет.[62]) Режимот не сакал да се помири со тој факт и затоа оние приходи што ги загубил на воено-политички план се обидел да ги компензира преку континуиран пораст на даночниот товар на своите поданици. Сепак тоа не било доволно за задоволување на пораснатите апетити на османската феудална олигархија, поради што режимот уште повеќе заглибил во финансиската мрежа на странските кредитори. Така, во периодот од 1892—1895 година просечните годишни османски државни приходи изнесувале 18.628.546 т. лири, а расходите 19.796.184 т. лири.[63]) Оваа диспропорција меѓу приходите и расходите била нивелирана со помош на странските

---

[59]) Cf. Д. Миљовска, Две развојни етапи . . . , 60.

[60]) Д. Зографски, op. cit., 543.

[61]) Cf. М. Пандевски, Положбата на Македонија . . . , 93.

[62]) Покрај згаснувањето на даноците од загубените територии, треба да се имаат во предвид и згаснатите трибутарни придонеси на поранешните вазални држави.

[63]) Клисуров, Очерки върху историята на македонското освободително движение, Социал-економическите предпоставки за създаването и дейноста на Македонската революционна организация, — сп. Македонско дело, 6/133, 10 март 1931, 6—7.

кредити. Сликата на буџетските расходи што ни ја дава Клисуров, најдобро го илустрира паразитскиот карактер на османската владеачка гарнитура. Според Клисуров, просечните годишни османски буџетски расходи во гореспоменатиот период се сведувале на следново:

| | | |
|---|---|---|
| I. Цивилна листа и апанажи | 932.550 | т. лири |
| II. За државните долгови | 6.483.253 | „ [64]) |
| III. За религиозни цели | 795.490 | „ |
| IV. Воени цели | 7.756.419 | „ |
| | 15.967.712 | т. лири |
| V. За административната управа: | | |
| — Централна управа | 1.138.807 | т. лири |
| — Финансиска управа | 583.939 | „ |
| — судови | 450.541 | „ |
| — полиција | 160.294 | „ |
| — просвета | 50.000 | „ |
| — трговија и општествени дејности | 37.897 | „ |
| — здравство | 93.842 | „ |
| — останати потреби | 1.313.152 | „ |
| ВКУПНО РАСХОДИ: | 19.796.184 | „ [65]) |

Одовде јасно се гледа дека лавовскиот дел од расходите отпаѓал на непроизводствени и асоцијални цели. Релативно малата стопа на расходи наменета за административниот апарат, бирократијата ја компензирала преку разгранетата корупционерска пракса. Сето тоа легнало врз грбот на безмилосно експлоатираните поданици на Империјата, а во тој ред и врз грбот на македонските народни маси.

Знатното смалување на територијата на Европска Турција од 372.000 км² во 1876 година[66]) на 168.563 км² во 1883 година[67]) ја потенцирало релевантноста на Македонија[68]) во преостанатиот балкански дел на Османската империја.

[64]) Сумата ја претставува просечната годишна амортизација на османските државни долгови за заемите склучени во периодот од 1877—1896 година, а неопфатени со Муаремскиот декрет.

Cf. Клисуров, Очерки . . . , 6/133, 7.

[65]) Клисуров, Очерки . . . , М. дело, 6/133, 7.

[66]) Лазар Соколов, Предусловиѕе и развитокот на индустријата во Македонија од втората половина на XIX век. до 1912 година, — Г ИНИ, I/2, Скопје, 1957, 53.

[67]) Л. Соколов, Idem. 53.

[68]) Најприфатлива е проценката дека Македонија опфаќа територија од 67.741,2 км². (Македонија како природна и економска целина, ИНИ, Скопје, 1978, 23—25; Историја на македонскиот народ т. I, Скопје, 1969, 9).

Меѓутоа, според Т. Симовски, Македонија опфаќа 66.474 км². (Тодор Симовски, Населените места во Егејска Македонија кн. I, ИНИ, Скопје, 1978, 9) Cf. Л. Соколов, Предуслови., ф. 3, 53.

Македонија со својот незаситен пазар, големи природни богатства и недоволно искористени природни ресурси, одамна станала привлечна мета за европските капиталисти.

Во Македонија се вкрстувале економските и политички интереси на европските сили и балканските држави, кое, од своја страна, придонесло за влошување на и онака тешката положба на македонскиот народ.[69])

Мухаремскиот декрет, со кој фактички бил озваничен полуколонијалниот статус на Османската империја, им донел нови неволји на македонските народни маси.

Европскиот финансиски капитал, поаѓајќи од стекнатите позиции во Османската империја, формирал бројни акционерски друштва, пред сè, во Европска Турција, „првенствено банкарско-кредитни акционерски друштва, трговски компании и разни друштва за експлоатација на рудното богатство"[70]), како и друштва за изградба и експлоатација на железничките линии[71]).

Македонските народни маси особено тешко го поднесувале монополскиот јарем што им го наметнала т.н. Отоманска тутунска режија, формирана во 1882 година со капитал од австро-германската финансиска група и средства на Отоманската банка.[72]) Отоманската тутунска режија во последните две децении од XIX им плаќала на тутунопроизводителите просечно од 3 до 5 гроша за 1 кгр. тутун. За разлика од неа, експортните тутунски трговски фирми им плаќале на производителите за нијанса повеќе. Нивната откупна цена се движела од 4,5 до 5,5 гроша за 1 кгр. тутун. Меѓутоа, истите тие трговски фирми го продавале македонскиот тутун на странските трговци по цена од 20 до 300 гроша за кгр.[73]) Овие енормни печалби претставуваат најдобар барометар за степенот на експлоатацијата на македонските тутунопроизводители. Оттаму резултира падот на тутунопроизводството непосредно по формирањето на Режијата.[74]) Но тоа претставувало само краткотрајна манифестација на отпор[75]) Егзистенцијалната загрозеност на народ-

---

[69]) Проф. д-р Д. Зографски, Стопанското потчинување на балканските земји.., 21;

Проф. д-р Хр. Андонов-Полјански, Економските аспекти во односите на империјалистичките држави . . ., 27.

[70]) Проф. д-р Д. Зографски, Idem, 22.

[71]) Христо Андонов-Полјански, Избор од британската кореспонденција за историјата на железниците во Македонија (1871—1896 г.) Г ИНИ, XIX/1, Скопје, 1975, 171—196.

[72]) Проф. д-р. Д. Зографски, Стопанското потчинување . . . , 22—23.

[73]) Клисуров, Социал-економическите предпоставки . . . , сп. Македонско дело, 6/140, 25 юни 1931, 8.

[74]) Така, според руските дипломатски извештаи, тутунопроизводството во Битолскиот вилает, по шест години од воведувањето на монополот на Режијата, било двојно смалено. (И. Г. Сенкевич, Об изменениях. . ., Кишинев, 1966, 765).

[75]) Cf. А. Д. Новичев, Турция, Краткая история, Москва, 1965, 113.

ните маси довела до зголемување на површините засадени со тутун, а со самото тоа и до продолжување на суровата експлоатација. Така површините под тутун засадени во Османската империја во 1903 година биле за 3,3 пати поголеми во однос на 1884 година.[76])

Сличните ниски откупни цени на останатите македонски аграрно-сточарски производи, во прв ред — церелиите, индустриските култури (памукот и афионот), волната и кожите, — му нанесле непоправливи загуби на македонското селско стопанство и довеле, покрај редица други фактори, маса македонски селани до просјачки стап.

Разорното дејство на европскиот капитал довело до руинирање и пауперизација на знатен дел македонски занаетчии и селани. Тоа, од друга страна, меѓу другото, предизвикало зголемување на печалбарството и на македонската економска емиграција.

Руинирањето на македонското манифактурно стопанство под разорното дејство на европскиот капитал, не значело и крај на македонскиот индустриски развиток.[77]) Напротив. Според Д. Зографски индустрискиот развиток во Македонија во периодот на турското владеење поминал низ четири сукцесивни фази. Првата почетна фаза го опфатила периодот од Кримската војна до последната деценија на минатиот век; втората фаза ја опфатила последната деценија на XIX век до крајот на 1903 година; третата траела до Младотурската револуција; а четвртата, последна фаза, траела до крајот на турското владеење во Македонија.[78])

Во Македонија се развила лесна, преработувачка индустрија, првенствено од прехранбен и текстилен карактер.[79]) Во неа дошла до израз супрематијата на европската и немакедонската буржоазија.[80])

Оваа индустрија била сконцентрисана, главно, во големите урбани центри: Солун, Битола и Скопје, како и во јужните градови покрај железничките магистрални линии.[81]) Според Лазар Соколов, македонската индустрија во почетокот на овој век предничела пред тогашната српска индустрија поради „поголемата концентрација на индустриското производство, . . прет-

---

[76]) А. Д. Новичев, op. cit., 113.

[77]) Така, констатацијата на Д. Миљовска дека системот „на 'отворено' т.е. незаштитено стопанство кое се вовело по Кримската војна, многу брзо довел до фатални последици: за 2—3 децении се уништени сите индустриски зачетоци во Македонија" (Д. Миљовска, Две развојни етапи . . ., 71)-е неприфатлива.

[78]) Данчо Зографски, Развитокот на капиталистичките елементи во Македонија за време на турското владеење, Култура Скопје, 1967, 522.

[79]) Д. Зографски, op. cit., 523.

[80]) Д. Зографски, op. cit., 527.

[81]) Д. Зографски, op cit., 528.

пријатија со поголеми капацитети и поголем број ангажирани работници“[82]).

Меѓутоа, оваа индустрија, создавана со благослов и често со директно учество на европскиот капитал, — во никој случај не ги загрозувала интересите на европските империјалисти и нивната доминација во македонскиот стопански живот. Општо земено, оваа индустрија, по својот карактер, не можела да го промени аграрно-суровинскиот полуколонијален статус на Македонија.

Брзото зголемување на обемот на трговската размена со странство довело до зајакнување на трговското крило на македонската буржоазија. Со изградбата на железничката мрежа во Македонија, дошло до зајакнување и еманципирање на битолските и скопските трговци од солунските трговци[83]). Битолските трговци толку се засилиле што побарале отворање на царинарница во Битола.[84]) Според Ќосев, Македонија до 1890 година имала активен трговски биланс со странство.[85]) Оттогаш натаму датирал перманентниот раст на пасивата во македонскиот надворешно-трговски биланс.[86]) Сето тоа евидентно говори за одливање на македонското богатство во странство и самото тоа видно го потенцира полуколонијалниот статус на Македонија во однос на европскиот империјализам.

4. Македонија првенствено била аграрна земја.[87]) Во почетокот на веков близу 3/4 од нејзиното население живееле на село[88]), а близу 80% од македонските народни маси биле вклучени во аграрниот производствен процес.[89]) Оттаму и промените во аграрните односи извршени во ерата на Танзиматот, изразени, пред сѐ, во укинувањето на застарениот феудален тимарско-спахиски систем и санкционирањето на чифлигарскиот аграрно-правен систем, — толку длабоко ги тангирале виталните интереси на македонскиот народ.

---

[82]) Л. Соколов, Предусловите . . . , 76.

[83]) Златко Билјановски, Некои податоци за надворешната трговија на Македонија во времето од Кримската до Балканската војна, — ГИНИ, VI/1—12, Скопје, 1962, 203.

[84]) Зл. Билјановски, Idem, 213.

[85]) Д. Кьосев, op. cit., 80.

[86]) Д. Кьосев, op. cit., 80—81.

[87]) М. Пандевски, Положбата на Македонија во Османската империја кон крајот на XIX и почетокот на XX век, ГИНИ, XX/1, Скопје, 1976, 88.

[88]) Според Соколова, во Македонија во 1900 година постоеле 48 агломерации над 3 илјади жители со вкупно 572.134 жители, што претставувало 25,5% од вкупното македонско население (Л. Соколов, Idem., 54); Меѓутоа, според Д. Зографски, на преминот на двата века македонското градско население било сконцентрисано во 64 населби над 3.000 жители со вкупно 634.169 жители, што претставува 28,08% од вкупното македонско население. /2.258,224 жители/.
(Д. Зографски, op. cit., 530).

[89]) Овде треба да се има предвид дека во аграрниот процес биле делумно вклучени и пауперизираните занаетчии и градската сиромаштија.

Трансформирањето на знатен дел од спахиските феудални лена во чифлизи по пат на економска и вонекономска принуда[90]) и аналогно на тоа метаморфозирање на соодветен дел стари феудални аристократи во чифликсајбии, — говори само по себе за адаптирањето на феудалната олигархија на новите аграрни промени.[91]) Оттаму е сосем нормално натамошното егзистирање на некои стари феудални методи на експлоатација во новите полукапиталистички чифлички стопанства. Секако за тоа најмногу придонесол османскиот режим, кој, како изразител на интересите на господаречката феудална класа, не расчистил радикално со феудалните реликти, а само (со санкционирањето на чифлигарски аграрно-правен систем) ја насочил својата политика кон акомодирање на дотогашните аграрни односи на новите општествено-економски капиталистички тенденции.[92]) Оттаму чифлизите претставуваат специфични полукапиталистички стопанства со бројни феудални примеси.[93])

Во процесот на изградбата на чифлигарскиот систем дошле до израз две спротивни тенденции: првата била насочена кон окрупнување на чифлизите, а втората кон уситнување што резултирало, главно од наследниот и купопродажниот карактер на чифлизите. Ова довело до појавата на нови чифликсајбии, пред сѐ, од редовите на османската бирократија, како и од редовите на инородните поданици на Империјата.[94]) Така дошло до појавата на Македонци-чифликсајбии, во прв ред, од редот на трговската буржоазија, од типот на Робеви, Бомболови и Хаџи-Илиови.[95])

Во 3/4 на минатото столетие започнал обратен процес на расчифликување, т.е. откупување на чифличката земја од страна на самите чифлигари и нивно преминување во категоријата на т.н. раетски селани, коешто претставува евидентен симптом на кризата на чифлигарскиот аграрен систем.[96]) Оваа појава особено се засилила со растот на гурбетчиството и активноста на македонското националноослободително движење.[97])

Недостигаат официјални статистички податоци за разгранетоста на чифлигарскиот аграрен систем во Македонија. Се

---

[90]) Според Струкова, чифлизите, главно, настанале на три начина: „како резултат на купопродажбата на земјишните парцели, економското подјармување на селаните и по пат на директно насилие". (К. Струкова, Аграрные отношения в Македония . . . Кишинев, 1966, 523).

[91]) М. Пандевски, Положбата . . . , 88.

[92]) Cf. К. Струкова, Idem, 526, 528.

Хр. Христов, Аграрните отношения в Македония през XIX и началото на XX век, София, 1964.

[93]) Cf. ф3.

[94]) К. Струков, Idem, 522.

[95]) И. Г. Сенкевич, Об изменениях . . . , Кишинев, 1966, 762.

[96]) К. Струкова, Idem, 527.

[97]) А. Разбойниковъ, Чифлигарството въ Македония и Одринско, Интернационална печатница К. Тенчовъ, Солунъ 1913, 52—53.

смета дека во Македонија во почетокот на веков постоеле 15.000 крупни и средни и 10.000 ситни земјопоседи. Со оглед на фактот дека во Македонија тогаш егзистирале околу 180.000 земјоделски семејства, произлегува дека „минимум 70% од нив не владеат сопствена земја".[98]) Според анкетата што ја публикува Диме Бојановски — Дизе, само на територијата на денешна СР Македонија постоеле 2.259 чифлизи во 732 од вкупно 1.765 села.[99]) Според споменатава анкета, на оваа територија тогаш егзистирале 96.146 земјоделски семејства, сметајќи ги тука и 2.063 чифлигарски семејства, односно 2,15% од вкупното земјоделско население. Фактот дека 2,15% чифликсајбиски семејства располагале со 36,53% од вкупната зиратна површина, а останатите 97,85% поседувале само 63,4%, говори за разгранетоста и експлоататорскиот карактер на чифлигарскиот систем.[100]) Според една друга непотполна статистика во Македонија во првата деценија на овој век од вкупно 1.838 егзархиски села — 552 (30%) биле чифлигарски, 336 (20%) мешани и 920 (50%) слободни села.[101]) Притоа не треба да се заборават и бројните патријаршиски чифлигарски села. Поради тоа, „одвај 25% од целокупната обработлива земја во Македонија се наоѓа во рацете на селаните-ситни сопственици".[102])

Чифличките односи се огледале во три основни категории чифлигари: кесимџии (арендатори), јараџии (наполичари) и ајлакчии (момоци).[103]) Притоа најбројни биле наполичарите.[104]) Така, според анкетата на Д. Бојановски — Дизе, од вкупно 2.209 чифлизи, 1.152 биле исклучиво обработувани од наполичари, што претставува повеќе од 50% од вкупниот број чифлизи.[105]) Степенот на експлоатацијата на споменативе три категории чифлигари, според Д. Бојановски — Дизе, изнесувал: 126% на ајлакчиите, 124% на наполичарите и 46% на кесим-

---

[98]) Клисуров, Социал-економическите предпоставки..., сп. М. дело 6/134, 25 март 1931, 8.

[99]) Диме Бојановски, Чифличките односи во Македонија околу 1903 година, Годишник на Правно-Економскиот факултет во Скопје (1954, Скопје, 1955, 471).

[100]) Д. Бојановски, Idem, 474.

[101]) Според Клисурова (Д. Ќосев), споменатава статистика ја публикувал Д. Мишев во 1906 година. (Клисуров, Социал-економ. предпоставки..., М. дело, 6/134, 8; 6/135, 10 април 1931, 7); Интересно е да се спомене дека истава статистика, во подруг редослед, ја публикувал А. Шопов во 1911 година. (А. Разбойниковъ, op. cit., 35); Шопова го цитира и Данчо Зографски (Д. Зографски, За работничкото движење во Македонија до Балканската војна, Скопје, 1950, 62—64); Меѓутоа, многу е почудно што Косев подоцна ќе се коригира, припишувајќи му ја статистиката на Шопова и не споменувајќи го повеќе Мишева. Cf. Д. Кьосев, op. cit, 88—89.

[102]) Клисуров, Idem, М. дело, 6/135, 10 април 1931, 8.

[103]) Поопширно види: Д. П. Георгиев, op. cit.

[104]) М. Пандевски, Idem. 89.

[105]) Д. Бојановски, Idem, 481.

циите.[106]) Оттаму резултира тенденцијата за перманентно смалување бројот на кесимциите.[107])

Од статистиката на Д. Бојановски — Дизе може да се извлече уште една интересна констатација. Имено, од 2.209 чифлизи, 759 опфаќале површина од 25 ха, а 551 од 25—50 ха. Дотогаш во категоријата на крупни чифлизи преку 500 ха спаѓале вкупно 111 чифлизи.[108]) Одовде јасно се гледа доминирањето на ситните чифлизи на кои отпаѓале 50% од вкупниот број чифлизи, што само по себе говори за прилично напреднатиот процес на уситнување на чифлизите, кој уште повеќе ја продлабочил кризата на чифлигарскиот аграрен систем.

Статистиката на Д. Бојановски — Дизе дава интересна слика за сопствениците на чифлизите. Така, од вкупно 2.209 чифлизи, 2.029 (91,85%) чифлизи им припаѓале на турски приватни сопственици, 158 (7,15%) на христијански сопственици, 7 чифлизи биле вакуфски, а 15 црквени и манастирски.[109]) Притоа сопственици на повеќе чифлизи биле Турци, со исклучок на дваjца христијански чифлик-сајбии кои поседувале по два чифлига.[110]) Одовде јасно се гледаат главните носители на чифлигарскиот аграрен систем во Македонија.

Парцеларната обработка на чифличката земја од првите две категории чифлигари, екстензивниот начин на производство ниската продуктивност на трудот и суровата експлоатација го кочеле развојот на новите производни капиталистички сили во областа на селското стопанство. Поголема можност за развиток на производните сили давале крупните чифлизи обработувани со ајлакиции во сопствена режија на чифликсајбиите.[111]) Меѓутоа, и тука, со ретки исклучоци, била присутна екстензивната обработка на земјата со застарени земјоделски орудија, како и ниската продуктивност на трудот на „париите" на македонското селско стопанство — ајлакчиите[112]), кои, поради безмилосната експлоатација, не биле заинтересирани за зго-

---

106) Д. Бојановски, Idem, 491—2.

Потресното сведоштво на Ѓ. Петров најдобро ја илустрира суровата експлоатација на чифлигарите. Cf. (Г. Петровь), Материяли по изучуванието на Македония, София, 1896.

107) Cf. Д. Бојановски, Idem, 494.

108) Д. Бојановски, Idem, 473.

109) Ibidem.

110) Д. Бојановски, Idem, 472.

111) Д. Бојановски, Idem., 493.

112) Македония и Одринско, Мемоаръ . . . , 31;

Д. Кьосев, op. cit., 93;

М. Пандевски, Idem, 89.

лемување на производството[113]). Ова доаѓало уште повеќе до израз поради отсутноста на чифликсајбиите од чифлизите, со оглед на фактот дека управниците на чифлизите, субашите[114]) се стремеле, пред сè, да се збогатат за сметка на чифликсајбиите, а врз грбот на чифлигарите. Нешто повеќе за унапредување на чифличкото производство направиле некои чифликсајбии-христијани преку инвестирање во нови земјоделски орудија и машини и преку примена, покрај чифлигарскиот ајлакчиски труд, на наемна работна аргатска сила.[115]) Меѓутоа, и овие ретки исклучоци, во прв ред поради застарената даночна политика, не довеле до покрупен скок на аграрен план.

Чифлизите се простирале најмногу во рамничарските предели на Македонија опфаќајќи го најплодното земјиште.[116])

Меѓутоа, интересно е да се истакне дека онаму каде што чифлизите биле најбројни, најмалку се експлоатирала земјата во однос на вкупната географска површина. Така, обработливата површина на Солунскиот вилает во 1907 година изнесувала само 6,21%, на Битолскиот 7,30%, а на Скопскиот 10,61% од вкупната географска површина.[117]) Една проста компарација на експлоатираната аграрна површина во соседните балкански држави (Грција — 19%, Бугарија — 33,6%, Србија — 37,8%)[118]) евидентно ги покажува негативните ефекти на османскиот чифлигарски аграрен систем.

Покрај чифлигарите, на другата страна од лостот, виреела категоријата слободни раетски селани и дел од градското население што парцијално било вклучено во аграрниот производствен процес.

Екстензивното стопанисување, ситните парцели, ниската продуктивност на трудот, под влијание на разорното дејство на европскиот капитал, тешкото даночно бреме, разузданоста

---

113) Д. Бојановски, Idem, 493.

Според Разбојников, во Серско постоеле две категории момоци: бохтунции и хавталации. Во првата категорија влегувале класични ајлакчии анагажирани годишно, а втората категорија била ангажирана седмично и се доближувала до категоријата на слободни наемни работници. Во категоријата ајлакчии спаѓале и т.н. четвртчии, претставени првенствено од жените и децата на ајлакчиите. (А. Разбойников, op.cit., 42—43).

114) Во Серско, субашите биле познати под името хавале. Cf. А. Разбойников op. cit., 39.

115) Наемната работна сила особено била применувана во јужните краишта при обработката на индустриските култури. Притоа биле „ангажирани и наемни работници поединечно или во ‚тајфи'." (Д. Зографски, op. cit., 535).

116) А. Разбойниковъ, op. cit., 48.

117) Клисуров, Социал-економическите предпоставки..., М. дело, 6/134, 25 март 1931, 6.

118) Клисуров, Idem, 7.

и корумпираноста на бирократскиот апарат, разбојништвото[119]) и лихварството[120]), — довеле до руинирање на знатен дел ситни македонски раетски земјосопственици.

Релативната аграрна пренаселеност при наличноста на напуштени земјишта, полупразни чифлизи и претворена плодна чифличка земја во пасишта[121]) говори за кризата на османскиот аграрен систем.

Продлабочувањето на кризата на аграрниот и воопшто на османскиот државно-правен и економски систем најдобро се огледа во растот на економската емиграција и гурбетчиството.[122])

Аграрната криза кон крајот на минатиот и почетокот на овој век фрлила знатен дел од македонското, главно, слободно селанство, во базата на македонското националноослободително движење.[123])

5. Османскиот фискален систем[124]) базиран на анахроничната даночна политика евидентно го потенцирал паразитскиот карактер на османската држава.

Континуираниот раст на даночното бреме се одвивал паралелно со галопирачките османски дефицити и османското заглибување во мрежата на европските финансиери. Со тоа османската владеачка гарнитура целела не толку да ја ублажи загрижувачката стопанска рецесија, колку да ги покрие своите сопствени мегаломански расходи.

Даночниот систем сосипувачки делувал на развојот на македонската економика, а посебно поразно се одразил на македонското селско стопанство.

Системот на лични, посредни и непосредни даноци, разни видови такси и придонеси, покрај другите фактори, ја загрозил голата егзистенција на широките македонски народни маси.

Посебна улога играл начинот на распределувањето и собирањето на даноците, при што доаѓале до полн израз бирничките и мултезимски злоупотреби и своеволија. Притоа најмногу биле тангирани интересите на ситните и средните слоеви на маке-

[119]) Cf. А. Разбойниковъ, op. cit., 20.

Покрај класичното разбојништво, особено во западните области се уште виреел дерудецилакот.

[120]) Љубен Лапе, Крсте Мисирков за економските причини на македонското национално-ослободително движење, Г ИНИ, XIX/1, Скопје, 1975, 166—167.

[121]) Љ. Лапе, Idem, 167—168;

Д. Миљовска, Еден интересен напис на Мисирков за екоеомската состојба на македонското село во крајот на минатиот век, Г ИНИ, I/1, Скопје, 1957, 264.

[122]) Д. Миљовска, Две развојни етапи. . . , 73;

Поопширно за тоа види: Д. Кьосев, op. cit., 99—101;

М. Пандевски, Положбата. . . , 102—104;

Душко Хр. Константинов, Печалбарството, Научно друштво — Битола, Битола, 1964 г., 105.

[123]) Cf. Хр. Христов, Аграрните отношения . . . , 162;

М. Пандевски, Idem, 101—2.

[124]) „Дегенерирајќи се со текот на времето, тој веројатно станал најпримитивен фискален систем на светот, кој овозможил да се создаде една пирамида на семожни грабачи на народниот труд“. (М. Пандевски, Idem, 97).

донското население, а првенствено виталните интереси на селските народни маси.

Во категоријата на најтешките даноци спаѓал, секако најомразениот земјишен данок — десетокот (ушур).[125]) Овој земјишен данок номинално го опфаќал „десеттиот дел од бруто приходот на земјата во интерес на државата".[126]) Формално десетокот кон крајот на минатиот век изнесувал 12,5% од земјоделските производи.[127]) Фактички десетокот, пред сѐ, поради мултезимската паразитска грамзивост, далеку го надминувал законски определениот износ — со што се влошувала и онака критичната положба на македонските земјоделци. Ни законските акти, во прв ред Законот од 1889 година, не успеале да го унифицираат начинот на собирањето на десетокот.[128]) Затоа овој феудален реликт претставувал најтешко даночно бреме за македонскиот селанец.[129])

Од останатите даноци посебно се истакнувале: вергијата[130]), тицаретот (теметју)[131]), бегликот[132]), беделот[133]), патната обврска

---

[125]) Поопширно за десетокот види:

Крсте Битоски, За десетокот и земјоделското производство во Македонија кон крајот на XIX и почетокот на XX век, Г ИНИ, XI/3, Скопје, 1967, 83—124.

[126]) К. Битоски, За десетокот..., 88.

[127]) Cf. К. Битоски, Idem. 88, ф. 17;

Клисуров, Idem, М. дело, 6/138, 25 май 1931, 7—8.

[128]) К. Битоски, Idem, 89.

[129]) Cf. Ив. Ивановъ, Положението на Българитѣ въ Македония, София, 1895, 27—28;

За даночното оптоварување на селаните поопширно види: Д-р Крсте Битоски, Еден интересен документ за положбата на македонското село во предилинденскиот период, Г ИНИ, XVI/2, Скопје, 1972, 195—197.

[130]) Данок врз неподвижните имоти.

Според Клисурова, вергијата изнесувала:

а) 0,4% врз вредноста на непокриените имоти;

б) 0,5% врз вредноста на зградите во селата;

в) 0,8—1% врз вредноста на зградите во градовите.

Освен тоа, се плаќал и специјален придонес кој изнесувал 13,5% од општата сума на вергијата, а бил наменет за училиштата (турски, м.б), армијата и за покривање расходите за собирањето на даноци. (Клисуров, Idem, М. дело, 6/137, 10 май 1931, 8).

[131]) Данок врз заработката од професијата.

Според Клисурова, законската висина на овој данок изнесувала 5% од чистата печалба. До 1896 година со овој данок биле опфатени и земјоделците, а потоа исклучиво само градското население, во прв ред занаетчиите и трговците.

Cf. Клисуров, Idem, 6/138, 25 май, 1931, 8;

Политиката на турското правителство спроти българите въ Македония, Leipzig, 1896, 66—67;

Македония и Одринско (1893—1903). Мемоаръ на Вътрѣшната организация, 1904, 32.

[132]) Данок врз добитокот.

Cf. Д. М. Пандевски, Положбата ..., 97—98;

Д. Кьосев, op. cit., 86.

[133]) Воен данок на немуслиманското машко население на возраст од 20—40 години. Фактички, со беделот било опфатено машкото население од раѓањето до смртта. Во почетокот изнесувал 28, потоа 37 и на крајот 43 гроша. Покрај тоа таксилдарот собирал уште 2,5% придонес како своја премија. (Клисуров, Idem, М. дело, 6/138, 8).

(јол-пареси)[134]) и акцизот.[135]) Освен тоа, со основањето на градски општини-беледие во Македонија во 1869 година, рапидно се зголемил бројот на разните видови градски такси и давачки.[136])

Општо земено, османскиот даночен систем со својот паразитски карактер водел кон соголување на широките слоеви на македонското население, продлабочувајќи го со тоа процесот на класната диференцијација во Македонија.[137])

6. Положбата на македонскиот народ во периодот по Берлинскиот конгрес (1878—1903 г.) била исклучително тешка и несносна поради суровото османско политичко, национално, економско и духовно угнетување[138]) гарнирано со режимскиот терор[139]), бирократската корупција[140]) и разбојништвото.[141])

Во ваква атмосфера на гниење на османскиот државноправен систем цутело лихварството.[142])

---

134) Со овој феудален реликт било опфатено машкото население над 15 годишна возраст. Патната обврска изнесувала 16—20 гроша, односно 4 дни ангарија.

Cf. Кьосев, op. cit., 86;

Македония и Одринско, Мемоаръ . . ., 32.

135) Според Клисурова (Ќосева), акцизот изнесувал: „15% од вредноста на виното и ракијата произведени внатре во земјата и 8% за странските вина; 10% од вредноста на тутунот и коприната од внатрешниот пазар; 15 пари на кгр. морска сол и 22 пари на кгр. камена сол". (Клисуров, Idem, 6/138, 8).

136) Поопширно види:

Р. Кирјазовски, Некои видови градски такси и давачки во Македонија од втората половина на XIX век, особено во Скопје, — сп. Историја, VI/1, Скопје, 1970, 113—129.

137) М. Пандевски, Положбата . . ., 99.

За класната диференцијација види:

Д. Миљовска, Две развојни етапи . . ., 63-65;

Д. Кьосев, op. cit., 101—103.

138) Поопширно види:

Македония и Одринско, Мемоаръ . . ., 28—30;

Д. Кьосев, op.cit., 96—97.

139) Теророт на османската власт врз македонското население особено дошол до израз по Виничката провала.

Cf. Македония и Одринско, Мемоаръ . . ., 47—79.

Освен тоа, врз грбот на македонскиот народ се свалиле падарските своеволија и злодела, како и злоупотребите и злоделата на „разните жандармериски, колциски и војнички одделенија". (Д. Кьосев, op. cit., 96).

Покрај нив, непречено и неказнето делувале разни турски силници, меѓу кои се вбројувале поедини чифликсајбии и субаши.

140) За корупцијата поопширно види:

Македония и Одринско, Мемоаръ . . ., 33;

Д. Миљовска, Две развојни етапи . . ., 68.

М. Пандевски, Положбата . . ., 99—100.

141) Поопширно види:

Македония и Одринско, Мемоаръ . . ., 33—47;

Д. Кьосев, op. cit., 98—99;

Д. Миљовска, Idem, 66—67;

М. Пандевски, Idem, 100—101.

Ако кон сето ова се додадат разорното дејство на европскиот капитал, миграционите движења[143]) и растечката дејност на странските пропаганди од соседните балкански држави, ќе се добие јасна претстава за главните извори на неволјите на македонскиот народ во овој бурен пресвртен период од неговата историја.

---

[142]) На лихварството опширно се осврнува Крсте Битоски:

Д-р Крсте Битоски, За лихварството во Македонија во втората поливина на XIX век, — Г ИНИ, XIV/2—2, Скопје, 1970, 113—126.

[143]) Cf. Гл. Тодоровски, Кон прашањето за миграционите движења во Македонија во времето од 1878—1912 г., — сп. Историја, III/1, Скопје, 1967, 93—97.